# Светоста на твоето име

**С**-за светоста на твоето дело и име

**В** -за вековноста и   времето чувар на македонскиот јазик

**Е**-за твојата емпатија и грижливоста кон твојот народ

**Т**-за траењето  на твоето дело ,подемите и падовите низ вековите

**И**-за истрајноста на вечната борба со посилното и тиранското

**К** -за креативноста и КИРИЛИЦАТА твоја

**Л** -за литературните споменици плод на твоето време

**И** -за идеологијата на твоето време ,за доброто во минатото и подоброто денес

**М**-за менторството и учењето

**Е**-како ЕРИКА -ПОБЕДА над богохулието и искушенијата

**Н**-за најсветото ,потрагата по слобода и име

**Т**-за трагањето по нови светлини и пронаоѓањето на твојата светост.

**О** -за обезличувањето на македонскиот народ и твојот подвиг кон враќањето на ликот

**Х** -за храброста со која и денес сеуште зрачиш

**Р**-за раѓањето на новата азбука и раѓањето на новото утре

**И**-за исконската верба дека постоиме и ќе постоиме

**Д**-за духовното значење на твоето дело

**С**- за секој нов ден што ни го дари да те славиме и опејуваме

**К**-како  круна за она што го започна,кое сеуште трае и ќе тлее во иднина

**И** -за  искрата која разгоре оган што и денес срца ни грее.